*ОПШТИНА КАРПОШ*
**Одделение за поддршка**
**и организација на работтата на Советот**

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18"), во врска со член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.21/2020), а врз основа на Согласност архивски број 24-4297/2 од 27.07.2020 година дадена од Министерство за транспорт и врски на РСМ-Сектор за уредување на просторот, Советот на Општина Карпош, на педесет и осмата седница, одржана на 15 јули 2021 година, донесе

# О Д Л У К А
## за донесување на ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 15 – КРИВИ ДОЛ, БЛОК 1 ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа Одлука се донесува ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 15 – КРИВИ ДОЛ, БЛОК 1, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ. Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

### Член 2

Просторот за кој се донесува Детaлениот урбанистички план е дефиниран помеѓу;

- На северо-запад границата се протега долж осовината на булевар "8-ми Септември";
- На северо-исток границата се протега по осовината на улица "Новопланирана 1";

- На југо-исток границата се протега долж осовината на улица "Новопланирана 4", дел
од осовината на "Пристапна улица 4-б" и природната зададеност на терен – рељеф;

- На југо-запад границата се протега по регулацијата на регулираното корито на река
Вардар согласно ГУП на Град Скопје 2012-2022, на начин прикажан на графичките прилози.

Согласно опишаните граници за Блок 1, вкупната површина на планскиот опфат
изнесува 1.07ха.

**Член 3**

Со ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 15 – КРИВИ ДОЛ, БЛОК 1, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ предвидени се следните намени на градежните парцели:

- Г4 - Стоваришта,
- Б5 - Хотелски комплекси.

Со планот се одредени
- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
-намена на објектот,
-максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот о
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број: 09-5017/6
Датум: 15.07.2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Наташа Пеливанова